Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19) и член 188 став (3) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 14/20, 171/22, 65/23, 14/24 и 30/24), министерката за одбрана донесе

# ПРАВИЛНИК
за изменување на Правилникот за начинот на исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија

**Член 1**

Во Правилникот за начинот на исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија бр. 01-1582/1 од 15.03.2021 година, членот 9 се менува и гласи:

**„Член 9**

Решение за надоместок на трошоци за превоз од членовите 6 и 8 на овој правилник, донесува командантот на самостоен баталјон, нему рамен или повисок воен старешина, а за персоналот кој е распореден во Министерството, непосредно претпоставениот раководител.“.

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.01-1562/1 МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
28.03.2024 година Славјанка Петровска с.р.
Скопје

О б р а з л о ж е н и е

Правен основ за донесување на предметниот правилник е членот 188 став (3) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 14/20, 171/22, 65/23, 14/24 и 30/24), начинот за исплата и висината на надоместоците од ставот (1) точки од 6 до 9 на овој член ги утврдува министерот за одбрана.

Потребата за изменување на правилникот се наметна, заради прецизирање дека решение за надоместок на трошоци за превоз од членовите 6 и 8 од овој правилник, а не само од членот 8 како што беше утврдено во основниот текст на правилникот, донесува командантот на самостоен баталјон, нему рамен или повисок воен старешина, а за персоналот кој е распореден во Министерството, непосредно пртпоставениот раководител.

Согласно наведеното се предлага министерката за одбрана да го донесе предметниот правилник во предложениот текст.